## СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| СОУ „Димитар Влахов“-Струмица | **раководни работни места** | 2 | 2 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 82 | 82 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 84 | 84 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| СОУГим.„Кирил Пејчиновиќ“-Тетово | **раководни работни места** | 7 | 2 | 28,6 | 5 | 71,4 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 174 | 28 | 16,1 | 144 | 82,8 | | | 1 | 0,6 | | | | | 1 | 0,6 | | |
| | вработени во органот | 181 | 30 | 16,6 | 149 | 82,3 | | | 1 | 0,6 | | | | | 1 | 0,6 | | |
| СОМ „Никола Штејн“-Тетово | **раководни работни места** | 3 | 1 | 33,3 | 2 | 66,7 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 197 | 50 | 25,4 | 139 | 70,6 | 7 | 3,6 | 1 | 0,5 | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 200 | 51 | 25,5 | 141 | 70,5 | 7 | 3,5 | 1 | 0,5 | | | | | | | | |
| ОСЕУ„8-ми Септември“-Тетово | **раководни работни места** | 2 | 1 | 50,0 | 1 | 50,0 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 96 | 25 | 26,0 | 70 | 72,9 | 1 | 1,0 | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 98 | 26 | 26,5 | 71 | 72,4 | 1 | 1,0 | | | | | | | | | | |
| ССОУ„Моша Пијаде“-Тетово | **раководни работни места** | 4 | 1 | 25,0 | 2 | 50,0 | | | | | | | | | | | 1 | 25,0 |
| | други вработени | 202 | 88 | 43,6 | 106 | 52,5 | | | | | 5 | 2,5 | | | | | 3 | 1,5 |
| | вработени во органот | 206 | 89 | 43,2 | 108 | 52,4 | | | | | 5 | 2,4 | | | | | 4 | 1,9 |
| СОУ „Славчо Стојменски“-Штип | **раководни работни места** | 2 | 2 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 54 | 53 | 98,1 | | | 1 | 1,9 | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 56 | 55 | 98,2 | | | 1 | 1,8 | | | | | | | | | | |
| СОУ „Коле Нехтенин“-Штип | **раководни работни места** | 1 | 1 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 74 | 69 | 93,2 | | | 1 | 1,4 | | | | | 4 | 5,4 | | | | |
| | вработени во органот | 75 | 70 | 93,3 | | | 1 | 1,3 | | | | | 4 | 5,3 | | | | |
| СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип | **раководни работни места** | 2 | 1 | 50,0 | | | | | | | | | 1 | 50,0 | | | | |
| | други вработени | 51 | 48 | 94,1 | | | | | 1 | 2,0 | | | 2 | 3,9 | | | | |
| | вработени во органот | 53 | 49 | 92,5 | | | | | 1 | 1,9 | | | 3 | 5,7 | | | | |
| СОУ „Јане Сандански“-Штип | **раководни работни места** | 2 | 2 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 69 | 65 | 94,2 | | | 1 | 1,4 | 1 | 1,4 | | | 2 | 2,9 | | | | |
| | вработени во органот | 71 | 67 | 94,4 | | | 1 | 1,4 | 1 | 1,4 | | | 2 | 2,8 | | | | |
| **ВКУПНО:** | **раководни работни места** | 156 | 118 | 75,6 | 30 | 19,2 | 1 | 0,6 | | | 4 | 2,6 | 2 | 1,3 | | | 1 | 0,6 |
| | други вработени | 5885 | 4460 | 75,8 | 1181 | 20,1 | 64 | 1,1 | 15 | 0,3 | 82 | 1,4 | 41 | 0,7 | 10 | 0,2 | 32 | 0,5 |
| | вработени во органот | 6041 | 4578 | 75,8 | 1211 | 20,0 | 65 | 1,1 | 15 | 0,2 | 86 | 1,4 | 43 | 0,7 | 10 | 0,2 | 33 | 0,5 |

Од вкупно 92 анкетирани средни училишта податоците ги доставија 69 што изнесува 73,9%.

**Коментар: По сублимирањето на податоците добиени од средните училишта, состојбата во однос на вкупниот број на вработени е следна: Македонци со 75,8%, Албанци со 20,0%, Турци со 1,1%, Роми со 0,2%, Срби со 1,4%, Власи со 0,7%, Бошњаци со 0,2% и други 0,5%. Од овој табеларен приказ воочливо е дека во средните училишта воглавно задоволува состојбата на спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност, но сепак укажуваме на недоволниот број на лица вработени во овие институции кои не се припадници на мнозинската заедница, поради што Народниот правобранител препорачува доследно и целосно почитување на начелото на соодветна и правична застапеност.**

## СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

### ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

| | | | СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
| | | Вкупно | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % | Вкупно | % |
| **Универзитет „Свети Кирил и Методиј“-Скопје** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Архитектонски факултет | **раководни работни места** | 10 | 10 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 45 | 44 | 97,8 | | | | | 1 | 2,2 | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 55 | 54 | 98,2 | | | | | 1 | 1,8 | | | | | | | | |
| Машински факултет | **раководни работни места** | 51 | 50 | 98,0 | | | | | | | 1 | 2,0 | | | | | | |
| | други вработени | 55 | 53 | 96,4 | | | | | | | 2 | 3,6 | | | | | | |
| | вработени во органот | 106 | 103 | 97,2 | | | | | | | 3 | 2,8 | | | | | | |
| Економски факултет | **раководни работни места** | 34 | 34 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 69 | 63 | 91,3 | | | | | 1 | 1,4 | 4 | 5,8 | | | | | 1 | 1,4 |
| | вработени во органот | 103 | 97 | 94,2 | | | | | 1 | 1,0 | 4 | 3,9 | | | | | 1 | 1,0 |
| Правен факултет | **раководни работни места** | 4 | 4 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 82 | 74 | 90,2 | 2 | 2,4 | 1 | 1,2 | 1 | 1,2 | 1 | 1,2 | 1 | 1,2 | | | 2 | 2,4 |
| | вработени во органот | 86 | 78 | 90,7 | 2 | 2,3 | 1 | 1,2 | 1 | 1,2 | 1 | 1,2 | 1 | 1,2 | | | 2 | 2,3 |
| Филозофски факултет | **раководни работни места** | 4 | 4 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 145 | 46 | 31,7 | 1 | 0,7 | | | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | 94 | 64,8 |
| | вработени во органот | 149 | 50 | 33,6 | 1 | 0,7 | | | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | 1 | 0,7 | 94 | 63,1 |
| Филолошки факултет „Блаже Конески“ | **раководни работни места** | 8 | 7 | 87,5 | | | | | | | 1 | 12,5 | | | | | | |
| | други вработени | 150 | 126 | 84,0 | 13 | 8,7 | 7 | 4,7 | | | 2 | 1,3 | | | | | 2 | 1,3 |
| | вработени во органот | 158 | 133 | 84,2 | 13 | 8,2 | 7 | 4,4 | | | 3 | 1,9 | | | | | 2 | 1,3 |
| Воена академија „Михаил Апостолски“ | **раководни работни места** | 7 | 6 | 85,7 | | | | | | | | | | | 1 | 14,3 | | |
| | други вработени | 43 | 37 | 86,0 | 4 | 9,3 | | | | | 1 | 2,3 | 1 | 2,3 | | | | |
| | вработени во органот | 50 | 43 | 86,0 | 4 | 8,0 | | | | | 1 | 2,0 | 1 | 2,0 | 1 | 2,0 | | |
| Медицински факултет | **раководни работни места** | 27 | 26 | 96,3 | | | | | | | | | 1 | 3,7 | | | | |
| | други вработени | 270 | 241 | 89,3 | | | | | 1 | 0,4 | 12 | 4,4 | 6 | 2,2 | 1 | 0,4 | 9 | 3,3 |
| | вработени во органот | 297 | 267 | 89,9 | | | | | 1 | 0,3 | 12 | 4,0 | 7 | 2,4 | 1 | 0,3 | 9 | 3,0 |
| Фармацевтски факултет | **раководни работни места** | 8 | 7 | 87,5 | | | | | | | 1 | 12,5 | | | | | | |
| | други вработени | 33 | 32 | 97,0 | | | | | | | 1 | 3,0 | | | | | | |
| | вработени во органот | 41 | 39 | 95,1 | | | | | | | 2 | 4,9 | | | | | | |
| Стоматолошки факултет | **раководни работни места** | 13 | 10 | 76,9 | | | 1 | 7,7 | | | 1 | 7,7 | | | | | 1 | 7,7 |
| | други вработени | 78 | 72 | 92,3 | 1 | 1,3 | | | | | 4 | 5,1 | 1 | 1,3 | | | | |
| | вработени во органот | 91 | 82 | 90,1 | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | | | 5 | 5,5 | 1 | 1,1 | | | 1 | 1,1 |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Факултет за физичка култура | **раководни работни места** | 12 | 11 | 91,7 | | | | | | | 1 | 8,3 | | | | | | |
| | други вработени | 41 | 35 | 85,4 | | | | | | | 1 | 2,4 | 2 | 4,9 | | | 3 | 7,3 |
| | вработени во органот | 53 | 46 | 86,8 | | | | | | | 2 | 3,8 | 2 | 3,8 | | | 3 | 5,7 |
| Шумарски факултет | **раководни работни места** | 5 | 4 | 80,0 | | | | | | | | | 1 | 20,0 | | | | |
| | други вработени | 52 | 47 | 90,4 | | | | | | | 3 | 5,8 | 2 | 3,8 | | | | |
| | вработени во органот | 57 | 51 | 89,5 | | | | | | | 3 | 5,3 | 3 | 5,3 | | | | |
| Факултет за ветеринарна медицина | **раководни работни места** | 27 | 25 | 92,6 | 2 | 7,4 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 75 | 73 | 97,3 | | | | | | | | | 2 | 2,7 | | | | |
| | вработени во органот | 102 | 98 | 96,1 | 2 | 2,0 | | | | | | | 2 | 2,0 | | | | |
| Факултет за ликовни уметности | **раководни работни места** | 2 | 2 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 27 | 22 | 81,5 | 1 | 3,7 | 1 | 3,7 | | | 1 | | | | 2 | 7,4 | | |
| | вработени во органот | 29 | 24 | 82,8 | 1 | 3,4 | 1 | 3,4 | | | 1 | 3,4 | | | 2 | 6,9 | | |
| Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје | **раководни работни места** | 1 | 1 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 28 | 27 | 96,4 | | | | | | | | | | | | | 1 | 3,6 |
| | вработени во органот | 29 | 28 | 96,6 | | | | | | | | | | | | | 1 | 3,4 |
| **Универзитет „Климент Охридски“-Битола** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Технички факултет-Битола | **раководни работни места** | 1 | 1 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 94 | 91 | 96,8 | | | | | | | 1 | | 1 | | | | 1 | |
| | вработени во органот | 95 | 92 | 96,8 | | | | | | | 1 | 1,1 | 1 | 1,1 | | | 1 | 1,1 |
| Економски факултет-Прилеп | **раководни работни места** | 4 | 4 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 54 | 52 | 96,3 | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | |
| | вработени во органот | 58 | 56 | 96,6 | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | |
| Педагошки факултет-Битола | **раководни работни места** | 5 | 3 | 60,0 | | | | | | | | | 1 | 20,0 | | | 1 | 20,0 |
| | други вработени | 33 | 33 | 100,0 | | | | | | | | | 1 | | | | 1 | |
| | вработени во органот | 38 | 36 | 94,7 | | | | | | | | | 1 | 2,6 | | | 1 | 2,6 |
| Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи-Битола | **раководни работни места** | 3 | 3 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 36 | 36 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 39 | 39 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| Факултет за биотехнички науки-Битола | **раководни работни места** | 6 | 6 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 18 | 18 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 24 | 24 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| Факултет за безбедност-Скопје | **раководни работни места** | 3 | 2 | 66,7 | | | | | | | | | | | | | 1 | 33,3 |
| | други вработени | 49 | 45 | 91,8 | 1 | 2,0 | 1 | 2,0 | | | 1 | 2,0 | | | | | 1 | 2,0 |
| | вработени во органот | 52 | 47 | 90,4 | 1 | 1,9 | 1 | 1,9 | | | 1 | 1,9 | | | | | 2 | 3,8 |
| Висока медицинска школа-Битола | **раководни работни места** | 8 | 8 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 14 | 14 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 22 | 22 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |

## СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Универзитет „Гоце Делчев“- Штип** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Правен факултет | **раководни работни места** | 2 | 2 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 25 | 24 | 96,0 | | | | | | | | | 1 | 4,0 | | | | |
| | вработени во органот | 27 | 26 | 96,3 | | | | | | | | | 1 | 3,7 | | | | |
| Економски факултет | **раководни работни места** | 2 | 1 | 50,0 | | | | | | | | | 1 | 50,0 | | | | |
| | други вработени | 29 | 28 | 96,6 | | | | | | | | | 1 | 3,4 | | | | |
| | вработени во органот | 31 | 29 | 93,5 | | | | | | | | | 2 | 6,5 | | | | |
| Факултет за информатика | **раководни работни места** | 1 | 1 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 35 | 34 | 97,1 | | | | | | | 1 | 2,9 | | | | | | |
| | вработени во органот | 36 | 35 | 97,2 | | | | | | | 1 | 2,8 | | | | | | |
| Педагошки факултет | **раководни работни места** | 2 | 2 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 22 | 22 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 24 | 24 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| Факултет за музичка уметност | **раководни работни места** | 1 | 1 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 23 | 23 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 24 | 24 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| Факултет за медицински науки | **раководни работни места** | 2 | 2 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 41 | 38 | 92,7 | | | | | | | | | 1 | 2,4 | | | 2 | 4,9 |
| | вработени во органот | 43 | 40 | 93,0 | | | | | | | | | 1 | 2,3 | | | 2 | 4,7 |
| **Државен тетовски универзитет-Тетово** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Природно-математички факултет | **раководни работни места** | 9 | | | 9 | 100,0 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 51 | 2 | 3,9 | 49 | 96,1 | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 60 | 2 | 3,3 | 58 | 96,7 | | | | | | | | | | | | |
| Факултет за уметности | **раководни работни места** | 4 | | | 4 | 100,0 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 31 | 1 | 3,2 | 30 | 96,8 | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 35 | 1 | 2,9 | 34 | 97,1 | | | | | | | | | | | | |
| Економски факултет | **раководни работни места** | 0 | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 33 | 1 | 3,0 | 32 | 97,0 | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 33 | 1 | 3,0 | 32 | 97,0 | | | | | | | | | | | | |
| Факултет за применети науки | **раководни работни места** | 5 | | | 5 | 100,0 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 13 | 2 | 15,4 | 11 | 84,6 | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 18 | 2 | 11,1 | 16 | 88,9 | | | | | | | | | | | | |
| Факултет за физичка култура | **раководни работни места** | 4 | | | 3 | 75,0 | 1 | 25,0 | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 19 | | | 19 | 100 | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 23 | | | 22 | 95,7 | 1 | 4,3 | | | | | | | | | | |

## СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Филозофски факултет | **раководни работни места** | 7 | | | 7 | 100,0 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 32 | 2 | 6,25 | 30 | 93,8 | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 39 | 2 | 5,1 | 37 | 94,9 | | | | | | | | | | | | |
| Филолошки факултет | **раководни работни места** | 6 | 1 | 16,7 | 5 | 83,3 | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 32 | 4 | 12,5 | 28 | 87,5 | | | | | | | | | | | | |
| | вработени во органот | 38 | 5 | 13,2 | 33 | 86,8 | | | | | | | | | | | | |
| **Универзитет за информатички науки и технологии „Свети Апостол** | **раководни работни места** | 1 | 1 | 100,0 | | | | | | | | | | | | | | |
| | други вработени | 19 | 17 | 89,5 | 1 | 5,3 | | | | | | | | | | | 1 | 5,3 |
| | вработени во органот | 20 | 18 | 90,0 | 1 | 5,0 | | | | | | | | | | | 1 | 5,0 |
| **ВКУПНО:** | **раководни работни места** | 289 | 239 | 82,7 | 35 | 12,1 | 2 | 0,7 | 0 | 0 | 5 | 1,7 | 4 | 1,4 | 1 | 0,3 | 3 | 1,0 |
| | други вработени | 1894 | 1479 | 78,1 | 223 | 11,8 | 10 | 0,5 | 5 | | 36 | 1,9 | 20 | 1,1 | 4 | 0,2 | 117 | 6,2 |
| | вработени во органот | 2183 | 1718 | 78,7 | 258 | 11,8 | 12 | 0,5 | 5 | 0,2 | 41 | 1,9 | 24 | 1,1 | 5 | 0,2 | 120 | 5,5 |

Од вкупно анкетираните 52 факултети во состав на високообразовните установи во РМ, бараните податоци ги доставија 35 или 67,3%.

**Коментар**: **Согледувајќи го вкупниот збир по однос на прибраните резултати за 2010 година од горенаведените институции, може да се констатира следнава состојба на застапеност на заедниците: Македонци со 78,7%, Албанци со 11,8%, Турци со 0,5%, Роми со 0,2%, Срби со 1,9%, Власи со 1,1%, Бошњаци со 0,2% и други со 5,5%. Во високошколските институции може да се воочи фактот на недоволното спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност, при што посебно укажуваме на недоволниот број на лица вработени и лица распоредени на раководни места, кои припаѓаат на помалите етнички заедници, поради што Народниот правобранител препорачува доследно и целосно почитување на начелото на соодветна и правична застапеност.**

**ЗБИРНО ОД СИТЕ ТАБЕЛИ**

| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Срби | | Власи | | Бошњаци | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **раководни работни места** | 7733 | 6338 | 82,0 | 992 | 12,5 | 79 | 1,0 | 11 | 0,1 | 134 | 1,7 | 67 | 0,9 | 36 | 0,5 | 76 | 1,0 |
| други вработени | 74822 | 57423 | 76,7 | 12974 | 17,3 | 1261 | 1,7 | 563 | 0,8 | 1181 | 1,6 | 503 | 0,7 | 220 | 0,3 | 697 | 0,9 |
| ВКУПНО | 82555 | 63761 | 77,2 | 13966 | 16,9 | 1340 | 1,6 | 574 | 0,7 | 1315 | 1,6 | 570 | 0,7 | 256 | 0,3 | 773 | 0,9 |

## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ

Од анализата на добиените податоци преку овој Извештај произлегува констатацијата  дека спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност бара преземање на континуирани дејствија, бидејќи претходно детектираните негативни појави во спроведувањето на ова начело, се провлекуваат и оваа извештајна година.

Општа констатација е дека органите на државната управа и оваа година бележат исчекор во спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност, при што во одредени институции има голем напредок, додека кај други нема поместување во споредба со претходните години.

Оваа констатција е присутна кога се анализираат податоците за вкупниот број на вработени лица во органот, но сликата е поразлична ако се погледнат податоците кои се однесуваат на раководните лица и нивната застапеност по припадност на етничка заедница.

Како позитивен пример во спроведувањето на ова уставно начело и оваа година го издвојуваме Министертвото за култура, бидејќи бројките покажуваат состојба на почитување на начелото на соодветна и правична застапеност како во однос на вкупниот број вработени, така и во однос на раководниот кадар во органот. Низ призмата на бројките состојбата е следна: од вкупниот број вработени лица во органот 47,4% се припадници на македонската заедница, додека 52,5% се припадници на останатите етничките заедници. Во однос на раководниот кадар, од обработката на добиените податоци произлегува дека 78,6% се припадници на македонската заедница, но раководните лица припадници на другите етнички заедници во Република Македонија во овој орган застапени се со 21,5%.

Во оваа насока го издвојуваме и Министертвото за труд и социјална политика. Видно од прикажаниот табеларен преглед, во овој орган вкупно припадниците на етничките заедници различни од македонската заедница застапени се со 31,5%, а исто така и на раководниот кадар остануваат 24,6% на припадниците на останатите етнички заедници.

Министертвото за образование и наука, исто така, бележи доследност во почитувањето на начелото на соодветна и правична застапеност и тоа како  во однос на вкупниот број вработени така и во однос на раководните лица во органот. Ако се погледнат добиените податоци сликата е следна: 65,8% се припадници на мнозинската заедница, додека 34,35% се припадници на останатите етнички заедници. Во однос на раководниот кадар, припадниците на етничките заедници различни од мнозинската застапени се со 25,8% односно на ниво кое покажува дека во овој орган се имплементира начелото на соодветна и правична застапеност.

**СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ**

Од анализата на добиените податоци, Народниот правобранител посочува на состојбата која ја имаат прикажано некои од министерствата, како на пример: Министерството за животна средина и просторно планирање, Министертвото за правда и Министертвото за транспорт и врски, кога станува збор за вкупниот број на вработени лица во органот. Видно од добиените податоци во овие органи задоволува вкупниот број на вработени лица кои не припаѓаат на македонската заедница, но состојбата е поинаква доколку се анализираат податоците во однос на раководните лица во овие органи.

Имено, во Министерството за животна средина и просторно планирање раководниот кадар кој припаѓа на етничките заедници различни од македонската е застапен со 15,5%; во Министертвото за правда - 7,6%, додека во Министерството за транспорт и врски раководниот кадар според припадноста различен од мнозинската заедница е застапен со 7,7%.

И оваа година како негативни примери во однос на спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност кога станува збор и за вкупниот број на вработени лица и бројот на раководните лица според припадноста на етничката заедница, Народниот правобранител ги издвојува Министерството за информатичко општество и Министерството за финансии.

Имено, според податоците кои ги достави Министертвото за информатичко општество и оваа година останува заклучокот дека во овој орган не се преземаат мерки во однос на имплементацијата на начелото на соодветна и правична застапеност, бидејќи од вкупниот број вработени само 2 лица се припадници на заедници кои не се мнозинство во Република Македонија или процентуално гледано тој однос е 92,3% спрема 7,6%. Ако се анализираат раководните работни места, сликата е следна: од вкупно 7 раководни работни места 6 се пополнети со лица припадници на македонската заедница или 85,7%, додека само едно работно место е пополнето со лице кое е припадник на заедница различна од македонската или 14,3%.

Во Министерството за финансии пак, од вкупниот број вработени лица само 11,8% се припадници на заедници различни од македонската, а на раководните работни места припадниците на заедниците кои не припаѓаат на македонската заедница застапени се само со 11,6%.

Народниот правобранител поради изготвување на овој Извештај достави барања и до 13 Јавни претпријатија на централно ниво, а бараните податоци не ги достави само Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија. И оваа година кај јавните претпријатија се уште се бележи низок степен на примена на начелото на соодветна и правична застапеност. Оваа констатација е присутна како во однос на вкупниот број вработени, така и во однос на вработените кои го сочинуваат раководниот кадар.

Ваквата констатација се потврдува со анализата на добиените податоци речиси кај сите јавни претпријатија кои оваа година беа предмет на анализа и тоа: Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ - Скопје, каде само 7,5% од вкупниот број вработени се лица кои припаѓаат на заедници различни од македонската, а раководните работни места се пополнети само со припадници на македонската заедница. Исто така, и во Јавното претпријатие „Службен весник“ на РМ, раководните работни места се пополнети исклучиво со припадници на македонската заедница. Во Јавното претпријатие „Македонски шуми“ - Скопје од вкупниот број вработени 11,2% се лица кои припаѓаат на заедници различни од македонската, а 7,3% се на раководни работни места. Во Јавното претпријатие „Стрежево“ - Битола од вкупниот број вработени лица 7% се лица припадници на заедниците кои не се мнозинство, а 10% се на раководни работни места или изразено во бројки: 2 (две) работни места се пополнети со лица припадници на заедниците кои не се мнозинство од вкупно 20 раководни работни места.

Од друга страна, како позитивен пример од јавните претпријатија го издвојуваме ЈП за стопанисување со пасишта - Скопје, бидејќи од вкупно 28 вработени лица 11 се припадници на заедници различни од македонската заедница или изразено во проценти - 39.3%, а исто така и раководното работно место е пополнето со лице кое е припадник на етничка заедница различна од македонската.

Согледувајќи ги показателите на **самостојните државни органи и оранизации повторно се отсликува речиси идентична состојба од минатите години, односно констатација е дека е недоволна имплементација на начелото на соодветна и правична застапеност**. Овој заклучок се однесува како на обработените податоци за вкупниот број на вработени лица, така и за лицата вработени на раководни работни места. Како потврда на наведеното посочуваме на: Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола, каде од вкупниот број вработени лица 93,8% се лица кои припаѓаат на македонската заедница, додека само 6,3% се лица кои припаѓаат на другите зедници, а раководните работни места се застапени со 3% припадници на етничките заедници различни од македонската заедница; Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој има вработено 94,9% лица кои се припадници на македонската заедница и 5,1% припадници на другите заедници, а раководните работни места пополнети се исклучиво со лица припадници на македонската заедница; во Агенцијата за електронски комуникации вработени се 92,0% припадници на македонската заедница и 8,0% припадници на другите етнички заедници, а само 1 лице е дел од раководниот кадар или 6,3%; Институтот за стандардизација на Република Македонија вработува само 5,0% припадници на заедниците кои не припаѓаат на мнозинската, а раководните работни места припаѓаат само на лица припадници на мнозинската заедница; Управата за јавни приходи бележи 11,1% на сметка на припадниците на заедници различни од мнозинската, додека овие лица во бројот на раководни работни места се застапени со 13%; Царинската управа има вработено 13,6% лица кои се припадници на заедниците различни од мнозинската, а 12% од раководните работни места припаѓаат на лица кои се припадници на другите етнички заедници.

Оваа година од оваа група органи како пример за добра практика, посочуваме на Државниот завод за индустриска сопственост бидејќи од вкупниот број вработени лица 44% се припадници на етнички заедници различни од македонската, а раководни места припаѓаат на 7 лица или 41,2%.

**СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ**

Народниот правобранител направи анализа на соодветната и правична застапеност и во судската власт, обработувајќи ги податоците по припадност на етничка заедница на вкупниот број вработени лица, вработените во администрацијата на органот и судиите како избрани лица.

Од табеларно прикажаните податоци видно е дека генерално се почитуваат одредбите од Законот за судовите и Законот за јавното обвинителство при изборот на судиите, односно обвинители, при што помеѓу другите услови за избор, потребно е да се обезбеди соодветна и правична застапеност. Меѓутоа, и оваа извештајна година нема поголеми промени во однос на констатираната состојба од минатата година кога станува збор за вработените лица во судската и обвинителската администрација. Од анализата на добиените податоци видно е дека овој број на лица кои припаѓаат на помалите заедниците во државата не го задоволува потребното ниво на застапеност, особено кај апелационите судови.

Од анализата на податоците добиени од Фондот за здравствено осигурување на Македонија, произлегува следната состојба: вработени Македонци се 90,8%, Албанци се 8,1%, Турци се 0,2%, Срби се 0,2% и Власи се 0,7%. Од нив на раководни работни места се: 81,0% Македонци и 19,0% Албанци, од која слика може да се констатира дека начелото на соодветна и правична застапеност изразено преку бројки се спроведува во многу мал процент.

Во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија состојбата со припадниците на заедниците е следна: 74,9% Македонци, 19,8% Албанци, 0,4% Турци, 0,5% Роми, 2,0% Срби, 1,5% Власи, 0,1% Бошњаци и 0,7% отпаѓа на други. Раководните работни места припаѓаат на:74,2% Македонци, 24,2% Албанци и 1,5% Срби, при што треба да се укаже на малиот број на лица кои се вработени и кои се поставени на раководни работни места а припадниците на помалите етнички заедници.

Состојбата со соодветната и правична застапеност Народниот правобранител ја следеше и во казнено - поправните и воспитно - поправните установи, а од анализата на добиените податоци произлегува дека Македонците се застапени со 86,0%, Албанците со 11,9%, Ромите со 0,3%, Србите со 0,4%, Власите со 1,3% и оние кои се изјасниле како други со 0,1%. Раководните работни места се распределени помеѓу Македонците кои се застапени со 82,7% и Албанците кои имаат 17,3% од вкупниот број на раководни работни места. Ваквата состојба укажува дека во овие установи начелото на соодветна и правична застапеност не е имплементирано на задоволително ниво, особено ако акцентот на анализа се стави на нераководниот кадар.

**СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ**

Народниот правобранител достави 85 барања до сите општини и Градот Скопје, но бараните податоци ги доставија 78 општини (91,7%) додека 7 од нив не доставија одговор, и тоа: Врапчиште, Градско, Демир Капија, Конче, Неготино, Ново Село и Студеничани. Од анализата на податоците во органите на единиците на локалната самоуправа произлегува дека начелото на соодветна и правична застапеност во глобала се почитува кога ќе се земе во предвид припадноста на етничките заедници во однос на нивниот дел во вкупниот број на жители на територијата на дадената општина. Меѓутоа, ваквата состојба не значи дека треба да се престане со дејствијата во правец на интензивирање на ова начело, бидејќи во тој случај на постоење на игнорантски однос кон правата на одделни етнички заедници во правната, политичката, економската па и културната сфера само ќе се допринесе кон создавањето на монополска положба и привилегија на етничката заедница која е мнозинство во дадената единица на локалната самоуправа.

Заради добивање на поцелосен преглед во однос на состојбата со соодветната и правична застапеност, побарани се податоци и од јавните здравствени установи во Република Македонија. Од вкупно 110 јавни здравствени установи кои беа предмет на анализа, бараните податоци ги доставија 79,09%, односно 23 субјекти од здравството не постапија по барањето од Народниот правобранител.

Од обработката на добиените подаци произлегува следната состојба во однос на вкупно вработените лица: Македонци 83,3%, Албанци 10,5%, Турци 1,3%, Роми 1,0%, Срби 2,0%, Власи 0,7%, Бошњаци 0,4% и други 1,0%. Раководните работни места расподелени се на следниов начин: Македонци 83,1%, Албанци 10,5%, Турци 1,2%, Роми 0,1%, Срби 2,4%, Власи 1,0%, Бошњаци 0,7% и други 1,1%. Во овој сегмент, имајќи ја предвид состојбата со соодветната и правичната застапеност низ призмата на бројките, се наметнува заклучокот дека генерално гледано нивото на застапеност не задоволува, при што укажуваме дека треба да се продолжи со имплементацијата на ова начело, притоа при вработувањето водејќи сметка за примената на начелото на стручност и компетентност.

Од табеларниот приказ може да се забележи дека оваа година Народниот правобранител се обрати и до образовните установи .

Имено, Народниот правобранител побара податоци за вработените во основното образование при што се обрати до 356 основни училишта во земјата. Од нив бараните податоци ги доставија 261 основни училишта (73,31%), што значи дека не е отсликана реалната состојба со спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност. Од податоците кои беа обработени произлегува следното: од вкупниот број вработени лица 67,2% се Македонци, 25,9% се Албанци, 3,7% се Турци, 0,6% се Роми, 1,1% се Срби, 0,4% се Власи, 0,4% се Бошњаци и 0,7% се други. Раководните работни места расподелени се на следниов начин: Македонци 60,0%, Албанци 28,3%, Турци 5,0%, Роми 0,3%, Срби 4,8%, Власи 1,0%, Бошњаци 0,3% и други 0,5%. Податоците покажуваат дека генерално се почитува начелото на соодветна и правична застапеност и тоа како во однос на вкупниот број вработени, така и во однос на раководните работни места. Секако при оваа анализа треба да се има предвид фактот за етничкиот состав на популацијата која е целна група во остварувањето на образовниот процес, бидејќи истата ја условува и припадноста на вработениот кадар на одредена етничка заедница.

**СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ**

Предмет на анализа беа и 92 средни училишта во Република Македонија. Од нив 73,9% постапија по барањето од Народниот правобранител. По сублимирањето на податоците добиени од средните училишта, состојбата во однос на вкупниот број вработени е следна: Македонци 75,8%, Албанци 20,0%, Турци 1,1%, Роми 0,2%, Срби 1,4%, Власи 0,7%, Бошњаци 0,2% и други 0,5%, додека бројките ја покажуваат следната состојба во однос на распределбата на раководните работни места: Македонци 75,6%, Албанци 19,2%, Турци 0,6%, Срби 2,6%, Власи 1,3% и други 0,6%. И во овој случај останува напред споменатата констатација. Имено, територијалната припадност на средното училиште на одредена единица на локална самоуправа, односно нејзиниот етнички состав на населението, го диктира и составот на ученичката популација, јазикот на кој се изведува наставата, а воедно и составот на вработените во училиштето.

Народниот правобранител ги анализираше и податоците добиени од петте државни високообразовни установи во земјата, поточно од факултетите и вишите школи во нивниот состав и притоа доследно се почитуваше автономијата на Унивгерзитетот. На барањето на Народниот правобранител одговорија само 35 (што претставува 67,3%) од анкетираните факултети, при што Народниот правобранител искажува остра критика кон ваквиот игнорантски однос на високообразовните институции.

Од табеларниот преглед веднаш може да се воочи низок степен на спроведување на начелото на соодветната и правична застапеност во високообразовните установи. Од анализата на добиени податоци може да се констатира дека припадниците на помалите заедници се застапени во многу мал број, а поалармантна е состојбата ако се анализираат раководните работни места. Секако, неопходо е да се има во предвид дејноста што ја вршат овие високообразовни установи, степенот на стручност и компетентност како еден од условите при изборот на звањата по пат на објавениот јавен оглас, а сето тоа во контекст со автономијата на универзитетите.

И оваа извештајна година, Народниот правобранител останува доследен на практиката да ги посочи органите во кои воопшто нема вработено припадници на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, а тоа се: администрацијата на Советот на јавни обвинители; основните јавни обвинителства во Берово, Велес, Делчево, Кавадарци, Крива Паланка, Прилеп, Радовиш, Свети Николе, Струмица; вишите јавни обвинителства во Битола и Штип; основните судови во Кавадарци, Кратово, Свети Николе; центрите за социјална работа во Виница, Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Крива Паланка, Радовиш, Струмица, Валандово; општините Берово, Богданци, Василево, Дебарца, Демир Хисар, Дојран, Зелениково, Кратово, Кривогаштани, Лозово, Македонски Брод, Могила, Новаци, Пехчево, Прилеп, Пробиштип, Ранковце, Свети Николе, Чешиново - Облешево; затворите во Гевгелија, Прилеп, Струмица и Затворот Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка; Здравствениот дом Демир Хисар и центрите за јавно здравје во Кочани и Срумица; Јавното претпријатие ХС „Злетовица“ - Пробиштип и ЈПВ „Лисиче“ - Велес; Агенцијата за управување со одземен имот.

Во овој контекст посочуваме и на согледаната појава во општините Липково и Осломеј каде што се вработени исклучиво припадници на Албанската етничка заедница, како и на Општината Центар Жупа во која работен однос имаат засновано само припадниците на Турската етничка заедница.

**СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ**

Ефективното спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност претпоставува почитување на етничкиот идентитет и почитување на интересите на сите граѓани на Република Македонија.

**Затоа, Народниот правобранител повторно апелира и препорачува на доследно почитување на ова начело бидејќи само со обезбедување рамнотежа помеѓу бројот на вработените и застапеноста на припадниците на сите заедници може да се придонесе кон градењето на мултиетничка доверба, толеранција и елиминација на дискриминацијата по основ на етничка припадност.**

Исто така, впечатлива е и нееднаквата примена на ова начело кај нераководниот и раководниот кадар, што доведува до појава на органи кај кои има задоволителна примена на ова начело во однос на вкупниот број вработени, но не и во однос на раководниот кадар, или пак присуство на појава кога раководниот кадар го сочинуваат исклучиво припадници на македонската заедница. Но секако, ова не значи дека припадниците на заедниците се застапени на задоволително ниво како нераководен кадар, бидејќи видно од табеларниот приказ нивниот број не задоволува во значителен број на органи. Од анализата на податоците Народниот правобранител посочува на воочена состојба во која раководниот кадар го сочинуваат само припадници на Македонската и Албанската етничка заедница, додека припадниците на помалите етнички заедници воопшто не се застапени во раководниот кадар.

**Токму поради ваквата состојба, Народниот правобранител препорачува поинтензивно дејствување на органите заради интензивирање на овој процес во правец на афирмација и имплементација на ова начело, а особено да се стави акцент на поттикнувањето на јавните претпријатија за почитување на принципот на соодветна и правична застапеност и на другите суштински принципи во нивната политика на вработување.**

Исто така, неопходно е и придржувањето кон законската регулатива, односно задолжителноста од изготвувањето на Плановите за соодветна и правична застапеност на припадниците на заедници.

Преку искажаните податоци кои се дадени во овој Извештај можеме слободно да констатираме дека постои определен напредок кај поголем дел од институциите, но сепак мораме да истакнеме дека начелото на соодветна и правична застапеност се уште го нема постигнато адекватното ниво, особено кај припадниците на помалите етнички заедници. Потребно е да се наведе дека ова е особено изразено кај примената на ова начело кај раководните работни места. Адекватната примена на ова начело не треба да се гледа само низ призмата на бројките и процентите, туку како постигнување на чуство за припадност и еднаквост на сите заедници кои живеат во Република Македонија.

Потребно е да се истакне дека постојниот систем за имплементација на принципот на соодветна и правична застапеност не овозможува суштински ефект во примената на овој афирмативен принцип.

## СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ

**Народниот правобранител оваа прилика ја користи како можност да укаже и да препорача доследно почитување и спроведување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на сите заедници, особено кај јавните претпријатија, фондовите, казнено-поправните и воспитно-поправните домови, апелационите судови, вишите јавни обвинителства, како и кај примената на овој принцип при поставувањето на раководен кадар во органите на државнјата управа, за што е потребна постојана надградбата на системот за имплементација на принципот на соодветна и правична застапеност. Во оваа насока слободно можеме да кажеме дека е потребна суштинска и длабинска анализа на досегашните остварувања по однос на спроведувањето на ова начело од страна на едни од најкомпетентните и најповикани институции, како што се: Државниот завод за статистика и Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, со што ќе се овозможи прецизно утврдување на проблемите на спроведување и имплементација на истото од страна на институциите на системот.**

**Воедно би сакале да ја потенцираме исклучителната важност на начелото на соодветна и правична застапеност кое претставува темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија, и истото има за цел создавање на систем за стекнување на меѓусебна доверба помеѓу граѓаните, како и помеѓу граѓаните и институциите, без разлика на која етничка заедница тие припаѓаат. Во овој контекст Народниот правобранител има уставна и законска обврска да препорача доследно почитување и продолжување на примената на ова начело од страна на сите институции на системот, како на локално така и на централно ниво, при што укажува на фактот дека успешноста на примената на ова начело последователно ќе значи успешно интегрирање на сите заедници во едно мултикултурно и демократско општество како што е нашето.**

**На крајот од овој Извештај, уште еднаш изразуваме јавна критика до сите оние институции кои не доставија одговор по нашето барање и повеќекратно доставување на ургенции, со што не се постигна увид и не се презентира целосна слика на спроведувањето на начелото на соодветна и правична застапеност со овој Извештај.**

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**Иџет Мемети**